Бр.03-1134/2

С к о п ј е 15-04- 2021

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенција за вработување на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за пристап до информации од јавен карактер

1. Се уважува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] Бр.0306/1 од 01.04.2021 година поднесено до Агенција за вработување на Република Северна Македонија (заведено под Наш бр.03-1134/1 од 01.04.2021 година), Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не располага со бараните информации.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија барателот [redacted] поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Наш Бр.0306/1 од 01.04.2021 година (заведено под Наш бр.03-1134/1 од 01.04.2021 година).

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија го разгледа Барањето и по истото постапи согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер па Ве известува за следното.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија беше единствено надлежна согласно уредбите до Управата за јавни приходи само да достави податоци за невработени лица кои активно бараат работа евидентирани во Агенцијата за вработување, па со оглед на тоа Агенцијата за вработување не располага со бараните информации по однос на платежната картичка. Согласно уредбите, Листа на вработени лица со низок доход-корисници на финансиска поддршка изготвува Управата за јавни приходи и ги доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Инаку, од економските мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија за справување со здравствено економската криза предизвикана од COVID-19 вирусот, во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е мерката “Паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа во износ од 50% од просечната плата на работникот”.

Со оглед на горенаведеното Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

*Со почит,*

Службени лица за посредување
на информации од јавен карактер
Едвин Мукович
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје
Shkup

Директор
Abdush Demiri